Уп. Бр.08-64/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед (Cinven Capital Management (VII) General Partner Limited), со седиште на адреса Левел 4, Мил Корт, Ла Шаротери, Ст Петер Порт, Гернзи, ГУ1 1ЕЈ, Ченел Острови, преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 27.04.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на фондовите кои се управувани или советувани од Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед (Cinven Capital Management (VII) General Partner Limited), со седиште на адреса Левел 4, Мил Корт, Ла Шаротери, Ст Петер Порт, Гернзи, ГУ1 1ЕЈ, Ченел Острови, индиректно преку друштво за посебна намена, основано од фондовите управувани или советувани од Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед, индиректно преку едно од нивните поврзани друштва, над одредени делови од работењето во областа на природните науки на друштвото Бајер АГ (Bayer AG), со регистрирано седиште на Каизер-Вилхелм-Але 1, 51373 Леверкузен, Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.03.2022 година, а дополнето на 30.03.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед (Cinven Capital Management (VII) General Partner Limited), со седиште на адреса Левел 4, Мил Корт, Ла Шаротери, Ст Петер Порт, Гернзи, ГУ1 1ЕЈ, Ченел Острови,, со која Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед, индиректно преку друштво за посебна намена, основано од фондовите управувани или советувани од Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед, индиректно преку едно од нивните поврзани друштва, ќе стекне самостојна контрола над одредени делови од

работењето во областа на природните науки на друштвото **Баер АГ** (Bayer AG), со регистрирано седиште на Каизер-Вилхелм-Але 1, 51373 Леверкузен, Германија,.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед**, заедно со неговите поврзани друштва и фондовите управувани и советувани од нив, припаѓа на Синвен[1], работење со приватно инвестирање (*private equity business*), кој работи со услуги на инвестициско управување и инвестициско советување на инвестициски фондови („Синвен"). Седмиот Синвен Фонд („Синвен VII") е тој кој ќе се стекне со индиректна контрола над одредени делови од работењето во областа на природните науки на Баер Акциенгезелшафт. Партнерствата кои го сочинуваат Синвен VII се управувани од страна на Синвен Капитал Менаџмент (VII) Лимитед Партнершип Инкорпореитед (Cinven Capital Management (VII) Limited Partnership Incorporated), преку својот генерален партнер Синвен Капитал Менаџмент (VII) Џенерал Партнер Лимитед. Фондовите управувани од Синвен имаат контрола во неколку трговски друштва кои се активни во различни економски сектори, вклучувајќи и во Северна Македонија.

— ХХХ[2]

**Целното работење (одредени делови од работењето во областа на природните науки на Баер Акциенгезелшафт)** опфаќа одредени ентитети и средства кои се однесуваат на работењето во областа на природните науки на Баер Групацијата („ПН Бизнис"). Целното работење е активно во ПН Бизнисот, имено во развојот и комерцијализацијата на производи за контрола на плевел, болести и штетници кои се користат за неземјоделски примени, како што се векторска контрола, професионално управување со штетници, шумарство, управување со индустриска вегетација, управување со ливади и пасиштата и тревници и украсни растенија и одредени нивни делови.

Целното работење нема регистрирано присуство во Северна Македонија, но има многу ограничена активност во Северна Македонија, каде што е ангажиран со ХХХ

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

---

[1] ХХХ

[2] Податоците претставуваат деловна тајна

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**